Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 05-222/1
26.03.2025 год.
СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги ГРА-ВАГ Технички преглед ДОО
Бр. 0307-91
28.03.2025 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

за набавка на услуги – технички прегледи на возила во сопственост на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "Јасен" – Скопје во 2025 година

помеѓу:

1. **Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје**, со регистрирано седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 23 а, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од вд директорот Ангеле Сотировски, во натамошниот текст: **договорен орган,** и
2. **Друштво за трговија и услуги ГРА-ВАГ Технички преглед ДОО Скопје**, ЕМБС 7031491, со регистрирано седиште на ул. Лепенец бр. 10, 1000 Скопје, даночен број 4044015510813, застапувано од управителот Сашко Крстевски, во натамошниот текст: **носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на **услуги – технички прегледи на возила во сопственост на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "Јасен" – Скопје во 2025 година**, согласно тендерската документација и прифатената понуда од страна на договорниот орган по спроведената постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас преку ЕСЈН број 04493/2025 од 13.03.2025 година. Постапката заврши на 20.03.2025 г., при што понудените цени се:

**Листа на цени**

| Р.бр. | Марка на возило | Тип | Год. На прои. | KW | SM3 | Вкупна цена за технички преглед без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена за технички преглед со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1. | PUCH - патничко | 300GD3 | 1989 | 65 | 1998 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 2. | PUCH - патничко | | 1989 | 65 | 1998 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 3. | HiSUN (четирицикли) | H5750ATV | 2020 | 28.8 | 736 | 983,05 | 176,95 | 1160 |
| 4. | HiSUN (четирицикли) | H5750ATV | 2020 | 28.8 | 736 | 983,05 | 176,95 | 1160 |
| 5. | Лада АС Караван - патничко | 2131 M1 | 2020 | 61 | 1690 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 6. | Лада АС Караван - патничко | 2131 M1 | 2019 | 61 | 1690 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 7. | CHEVROLET - патничко | SPARK | 2006 | 38 | 796 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 8. | MERCEDES - патничко | E 220 CDI | 2002 | 110 | 2148 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 9. | JEEP - патничко | Cherokee | 2004 | 110 | 2776 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 10. | TOYOTA - патничко | LAND CRUISER | 1993 | 96 | 4164 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | ISUZU | D-MAX CREW | 2018 | 120 | 1898 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 12. | FAP | | 1997 | 103 | 8280 | 2203,39 | 396,61 | 2600 |
| 13. | VOLKSWAGEN | тмв комбе | 2000 | 66 | 2461 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| 14. | FAP | | 1988 | 107 | 8400 | 2203,39 | 396,61 | 2600 |
| 15. | FORD | RANGER | 2022 | 118 | 2198 | 1186,44 | 213,56 | 1400 |
| | Вкупно | | | | | 19423,72 | 3496,28 | 22920 |

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката од овој договор изнесува 19.423,73 денари, без ДДВ, односно 22.920,00 денари со ДДВ.

## III. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 3**

Носителот на набавката е должен услугите да ги врши согласно техничката спецификација за период од една година од 26.03.2025 – 26.03.2026 година, по потпишување на договорот од договорните страни.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Начинот на плаќање е вирмански со фактура со одложен рок на плаќање 60 дена **сметано од денот на приемот на фактурата во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје**.

**Член 5**

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните страни), обврските од овој договор се пренесуваат на новиот субјект, сé до истекот на времето за кое е склучен.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја извршува услугата навремено и квалитетно согласно прифатената понуда и пропишаните стандарди за ваков вид на услуга.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната услуга која е дефинирана во член 3 од овој договор.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за извршената услуга во рокот утврден во член 4 од овој договор.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година, со почеток од 26.03.2025 и трае до 26.03.2026 година.

## VIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Кога економскиот оператор нема да ја исполни својата обврска, договорниот орган може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Договорниот орган кој поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должен е тоа писмено да му го соопшти на економскиот оператор без одложување по писмен пат.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За сé што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**Член 12**

Овој договор е склучен во 2 (два) еднобразни примерока, од кои секоја страна задржува по 1 (еден) примерок.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје
вд Директор
Ангеле Сотировски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

**ГРА-ВАГ Технички преглед ДОО Скопје**
Управител
Сашко Крстевски